**1.Што е улов?**

а) вкупната уловена количина на риба привршење на риболов;

б) количина на риба која мора да ја улови секој рекреативен риболовец за еден ден;

в) количина на риба која не смее да биде уловена.

**2. Спортски риболов е...**

а) организиран лов на риба во рамките на организирани натпревари

б) дружење на риболовната вода;

в) збир на граѓани заради спорт и рекреација.

**3. Дозвола за рекреативен риболов е...**

а) исправа врз основа на која риболовците можат да вршат комерцијален риболов;

б) исправа врз основа на која риболовците можат да вршат рекреативен риболов;

в) исправа врз основа на која риболовците не смеат да вршат рекреативен риболов.

**4. Легитимацијата за рибар...**

а) се издава на вработеното лице како рибар од страна на корисникот на рибите за вршење на комерцијален риболов;

б) е основен документ за легитимирање на лицата кои се наоѓаат во близина на риболовна вода;

в) е основен документ за легитимирање на лица кои се наоѓаат во близина на риболовна вода.

**5. Што се подразбира под поимот ПОРИБУВАЊЕ?**

а) порибување е пуштање на риби во одредена риболовна вода, кое го вршат рекреативните риболовци со рите кои се уловени во дрга риболовна вода;

б) порибување е враќање на уловените риби назад во риболовната вода од каде се уловени;

в) порибување е планско внесување на одредени видови риби и други водни организми во риболовна вода, со цел да се зачува оптималната структура и густините на рибите.

**6. Што е РЕКРЕАТИВНА ЗОНА (РЕВИР)?** ...

а) дел или цело риболовно подрачје на кое може да се врши рекреативен и спортски риболов;

б) дел или цела риболовна вода од езеро или национален парк на која може да се врши комерцијален риболов;

в) риболовна вода на која не може да се врши рекреативен и спортски риболов.

**7. Што се подразбира под поимот РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ во смисла на Законот за рибарство и аквакултура?**

а) риби и други водни организми, во смисла на законот се риби, ракови, школки, жаби и други водни животни кои ги населуваат и живеат во риболовните води и се одгледуваат во аквакултура и нивниот порибителен материјал;

б) риби и други водни организми, во смисла на законот се животни кои ги населуваат и живеат во риболовните води.

в) риби и други водни организми, во смисла на законот, се животни кои смеат да се ловат исклучиво со документи за рекреативен риболов.

**8. Што е ловостој?**

а) временски период во кој е дозволено ловење и ставање во промет на сите видови риби;

б) временски период во кој е забрането ловење и ставање во промет на одредени видови риби;

в) временски период во кој е забрането ловење и ставање во промет на одредени видови риби, освен рибите произведени од аквакултура.

**9. РИБОЛОВНО ПОДРАЧЈЕ е ...**

а) риболовна вода на која има услови за вршење на комерцијален риболов;

б) риболовна вода на која има услови за организирање на рекреативен риболов;

в) риболовна вода на која има услови за вршење на комерцијален риболов или организирање на рекреативен риболов;

**10. Што е „СЕЛЕКТИВЕН РИБОЛОВ"?**

а) е излов на строго дефинирана возрасна категорија од одредени видови риби и други водни организми во одреден временски период;

б) е излов на било која возрасна категорија од одредени видови риби и други водни организми;

в) е излов на било која возрасна категорија од одредени видови риби во неодреден временски период.

**11. Инспекциски надзор над спроведуваѐе на одредбите од ово закон и прописите донесени врз основа на ово закон врши:**

а) Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија;

б) Државниот инспекторат за земјоделство преку државни инспектори за

земјоделство;

в) Македонска риболовна федерација преку државна риболовна служба.

**12. На физичко лице кое врши рекреативен риболов без легитимација и дозвола ќе му се изрече глоба во висина од:**

а ) две просечни месечни плати утврдени во Државниот завод за статистика;

б)  глоба 100 евра по претходен договор со корисникот ;

в) глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност.

**13. Рекреативните риболовци при вршење риболов мора да носат:**

а )легитимација и дозвола за рекреативен риболов;

б) легитимација за рекреативен риболов и лична карта;

в) шатор и прибор за лична хигиена.

**14. Каде се издаваат дозволите за рекреативен риболов?**

а) корисниците задолжените дозволи ги продаваат на определени места кои се објавуваат на веб-страницата на Федерацијата;

б) во продавници за риболовна опрема;

в) во Државниот инспекторат за земјоделство.

**15. Дозволата за рекреативен риболов може да биде:**

а) државна, за сите рекреативни зони (ревири) во Република Северна Македонија, со исклучок на атрактивните зони, за период од една година,  годишна, за одредена рекреативна зона (ревир), месечна, за одредена рекреативна зона (ревир),  тридневна, за одредена рекреативна зона (ревир) или атрактивна зона и  дневна, за одредена рекреативна зона (ревир) или атрактивна зона;

б) дозвола за државјани на Република Северна Македонија, дозвола за странски државјани, дозвола за лица постари од 18 години и дозвола за лица по 18 годишна возраст;

в) дозвола за еден риболовен ревир или рекреативна зона, регионална дозвола и државна дозвола.

**16. Како се делат риболовните води согласно Законот за рибарството и аквакултура?**

а) на риболовни подрчја, риболовни зони, риболовни ревири и рекреативни зони;

б) на стоечки и истечни;

в) на води за вршење на спортски и води за вршење на комерцијален риболов .

**17. За колкав период се доделуваат на користење рибите од риболовните води?**

а) за период кој го определува министерот за земјоделство, шумартсво и водостопанство;

б) за период од шест години;

в) за период од 12 години.

**18. Порибителен материјал е:**

а) икра, оподена икра, млеч, ларви, личинки и подмладок;

б) возрасни риби наменети за порибување на риболовните води;

в) полово зрели риби наменети за порибување .

**19. Што е легитимација за рибар?**

а) документ врз основа на кој рибарите можат да вршат комерцијален риболов;

б) документ врз основа на кој рибарите можат да вршат рекреативен риболов;

в) документ врз основа на кој рибарите можат да вршат секаков вид риболов.

**20. Што е легитимација за рибочувар?**

а) документ врз основа на кој рибочуварите вршат заштита на рибите и другите водни организми;

б) документ врз основа на кој рибарите можат да вршат рекреативен риболов;

в) документ врз основа на кој рибарите можат да вршат секаков вид риболов.

**21.Пастрмката е риба која се храни со:**

а) храна од животинско потекло;

б) концентрирана храна;

в) алги.

**22. Која риба се нарекува воден волк?**

а) штуката;

б) кркушка;

в) штипалка.

**23.Крапот достигнува тежина до:**
а) над 100 kg;

б) 45 kg;

в) 4 kg.

**24.Крапот достигнува должина до:**
а) 18 cm;

б) 4 m ;

в) 1,5 m.

**25. Каде најчесто се среќава смуѓот во Република Северна Македонија?**

а) во акумулацијата "Младост";

б) во сите реки во Република Северна Македонија;

в) во Охридското Езеро.

**26. По што се препознава сомот?**

а) има долга грбна перка и нема анална перка;

б) по долга анална перка и долгите мустаки;

в) има високо тело и две грбни перки:

**27.Која од следните риби нема никакво риболовно значење?**

а) штипалка ;

б) крап;

в) пастрмка.

**28. Каде живее сомот?**

а) во трската во езерата;

б) на дното на стоечките и бавно течените води;

в) во брзо течечки води.

**29. Која е најголемата должина на сомот кај нас?**

а) до 2 m;

б) до 25 cm ;

в) до 70 c m.

**30. Каде се размножува европската јагула?**

а) само вештачки – во мрестилишта;

б) во Охридско Езеро;

в) во моришата – Сарагасово море.

**31. Со каква храна се храни бојникот?**

а) со алги на дното;

б) со жаби;

в) со бели црви и леб.

**32. Која од следните риби е нарaспростанета во водите на Република Северна Македонија?**

а)  линиш;

б) вретенар;

в) пастрмката.

**33. Според што најлесно се разликува крапот од карасот?**

а) крапот има мустаќи, а карасот нема;

б) крапот има голема глава, а карасот мала;

в) крапот има многу голема опашна перка, а карасот мала.

**34. Колку пара мустаќи има крапот?**

а) четири пара;

б) два пара ;

в) еден пар.

**35.  Крапот живее во:**

а) стоечки и бавно течечки води;

б) брзи и добро аерирани води ;

в) само во мрестилишта и рибници.

**36. Крапот во риболовните води природно се мрести:**

а) од септември до ноември;

б) преку цела година ;

в) од април до јули.

**37. При рекреативен риболов крапот најчесто се лови на: (*за рибочувар*)**

а) алги и вештачки мушички;

б) ситни риби ;

в) пченка, боили или глисти.

**38. Пастрмката живее во:**

а) чиста, ладна и добро аерирана вода;

б) во топли езера ;

в) живее во сите риболовни води.

**39. Како се препознава бојник (скобуст) од клен?**

а) по недостиг на стомачни перки;

б) по ситните лушпи кои ги има само на главата;

в) по тоа што има долно поставена уста.

**40. Како најчесто се лови поточната пастрмка при рекреативен риболов? (*за рибочувар*)**

а) на вештачки мамци (блинкер, мушички) ;

б) на тесто;

в) на глисти и пченка.

**41. Со каква храна се исхранува охридската белвица?**

а) со секаква храна;

б) со храна од животинско потекло;

в) само со фитопланктон.

**42. Која од следните видови риби има најголемо стопанско значење?**

а) пастрмка;

б) кркушка;

в) линиш.

**43.Што е рибарски алат? (*за рибар и рибочувар*)**

а)риболовни средства дозволени за вршење комерцијален риболов;

б) средства со кои се врши рекреативен и спортски риболов;

в) мрежи, сертемиња, струкови и подводни пушки.

**44. Што спаѓа во риболовна опрема?**

а) чамец и пента;

б) мамци и јадици;

в) јахта, динамит, мрежички.

**45. Со што се врши комерцијалниот риболов?**

а) со регистрирани и видливо обележани пловни објекти и означен и евидентиран рибарски алат;

б) со рибарски алат, прибор и опрема према потребите која риба се лови;

в) мрежи, сертемиња, струкиви,подводни пушки, трокуки и друг алат .

**46. Како се обележуваат пловните објекти (чамец) кои се користат за вршење на комерцијален риболов покрај обележувањето со регистрарска ознака за вршење на стопански цели согласно пропоисите на внатрешната пловидба?**

а) со знаме за препознавање;

б) на двете страни на средината на чамецот со буквите „ВКР" (вршител на комерцијален риболов) и со евидентен број .

в) со знаме на Република Северна Македонија.

**47. Со што се обележуваат рибарските мрежи?**

а) со оловни пломби кои имаат жиг;

б) со пластични маркички со жиг;

в) со ушни маркици за обележување на домашни животни.

**48. Кога се врши означување на рибарскиот алат?**

а) пред неговата прва употреба;

б) При купување;

в) при задолжување на алатот од корисникот.

**49.Што е риболовен прибор?**

а) средства со кои се врши секаков вид на риболов;

б) средства со кои се врши дезинфекција;

в) средства со кои се врши рекреативен и спортски риболов.

**50. Што спаѓа во рибарски алат за вршење на комерцијален риболов?**

а) риболовна трска и мамки;

б) сточеки и повлечни мрежи, струкови и блинкери;

в) мрежи сертемиња, струкови и подводни пушки.

**51. Што спаѓа во риболовен прибор за вршење на рекреативен риболов?**

а) риболовна трска, риболовна машинка (орша), риболовен конец и јадица, природни и вештачки мамци (блинкери, воблери, вештачки мушичики);

б) мрежи, струкови и блинкери на влечење;

в) чамец и пента.

**52. Стоечката мрежа за лов на пастрмка може да ги има следните димензии:**

а) по желба;

б) најмногу должина од 50 m , најголема висина од 5 m и димензија на окца од најмалку 50mm;

в) најмногу должина од 30 m , најголема висина од 3 m и димензија на окца од најмалку 50mm.

**53. Стоечката мрежа за лов на крап може да ги има следните димензии:**

а) најмногу должина од 50 m, најголема висина од 10 m и димензија на окца од најмалку 60 mm;

б) најмногу должина од 30 m , најголема висина од 3 m и димензија на окца од најмалку 45mm;

в) по желба.

**54. Должината и висината на мрежата се мери:**

а) во однос на конецот на кој се поставени пливките и оловата и конецот кој ги поврзува;

б) према големината на чамецот;

в) према големината на окцата.

**55. Димензиите на окцата на мрежата се мерат:**

а) према дијагоналата на отворот кога мрежата е нормално раширена;

б) према должината на мрежата;

в) од јазол до јазол кога мрежата е во влажна состојба;

**56. Дозволен риболовен прибор за рекреативен риболов за лов на пастрмка во риболовни ревири е:**

а) една риболовна трска со или без риболовна машинка и еден блинкер кој може да има една јадица ( трокрака, двокрака или еднокрака), еден воблер кој може да има две јадици (трокраки, двокраки или еднокраки) или три мушички кои можат да имат еднокраки јадици;

б) стоечки и повлечни мрежи;

в) една јадица ( трокрака, двокрака или еднокрака).

**57. Дозволен риболовен прибор за рекреативен риболов за лов на сите видови риби (освен пастрмката) е:**

а) една риболовна трска со по три јадици на трска или три риболовни трски со по една јадица на трска, со или без риболовна машинка и природни или вештачки мамци;

б) најмногу две риболовни трски со по три јадици на трска или три риболовни трски со по една јадица на трска, со или без риболовна машинка и природни или вештачки мамци;

в) по желба.

**58. Повлечните мрежи за сите видови риби ги има следните димензии:**

а) најголема должината од 500 m , најголема висина од 5 m  и димензија на окца од најмалку 10 mm ;

б)  најголема должината од 40 m , најголема висина од 3 m  и димензија на окца од најмалку 36 mm ;

в)  по налог на концесионерот.

**59. Чамец е пловен објект изграден од различен материјал чија максимална должина е...**

а) 10 метри;

б) 15 метри;

в) 12 метри.

**60. За риболов на кој вид риби се употребува блинкерот на влечење?**

а) за лов на пастрамка и белвица;

б) за лов на штука;

в) за лов на сите видови риби.

**61. Со каква цел се изведува МЕЛИОРАТИВНИОТ РИБОЛОВ?**

а)  со цел  драстично намалување на популацијата на алохтони видови риба и други водни организми во одделени риболовни води;

б)  со цел  драстично зголемување на популацијата на алохтони видови риба и други водни организми во одделени риболовни води;

в) со цел производство на алохтони видови риба и други водни организми во одделени риболовни води.

**62. Времето на забрана за риболов на сите видови риби во риболовните подрачја во текот на годината изнесува…**

а) најмалку 20 дена, освен за пастрмските видови за кои времето на забрана изнесува најмалку 60 дена;

б) најмалку 30 дена, освен за пастрмските видови за кои времето на забрана изнесува најмалку 90 дена;

в) најмалку 90 дена за сите видови риби.

**63. Во кој период од страна на корисниците на риби може да се определи време на забрана за риболов на охридската пастрамка?**

а) од ноември до март во наредната година ;

б) од април до јули во наредната година;

в) од ноември до декември во наредната година.

**64. Во кој период од страна на корисниците на риби може да се определи време на забрана за риболов на крап?**

а) од половината на април до јули;

б) од половината  на ноктомври до јануари;

в) од ноември до декември во наредната година.

**65. Во кој период од страна на корисниците на риби може да се определи време на забрана за риболов на пастрамката?**

а) од ноември до март во наредната година;

б) од октомври до јануари во наредната година;

в) од ноември до декември во наредната година.

**66. Во кој период од страна на корисниците на риби може да се определи време на забрана за риболов на белата мрена?**

а) од половината на април до јули;

б) од октомври до јануари;

в) од половината на мај до јули.

**67.Кои се ЗАГРОЗЕНИ видови риби?**

а) видови на риби за кои е утвден тренд на драстично намалување на густините на нивните популации;

б) видови на риби кои живеат  во сите риболовни води;

в) видови на риби чија густина на популацијата постојано се зголемува.

**68.Како се мери големината на рибата?**

а) од врвот на муцката до почетокот на опашната перка;

б) од врвот на муцката до крајот на опашната перка, кога перката е нормално отворена;

в) од грбната перка до стомачната перка.

**69. Под која големина не смее да се лови ПАСТРМКАТА во истечните води?**

а) 30 cm;

б) 25 cm;

в) 28 cm.

**70. Под која големина не смее да се лови ПАСТРМКАТА во стоечките?**

а) 35 cm;

б) 28 cm;

в) 40 cm.

**71. Под која големина не смее да се лови ОХРИДСКАТА БЕЛВИЦА?**

а) 22 cm;

б) 30 cm;

в) 20 cm.

**72. Под која големина не смее да се лови КРАПОТ?**

а) 40cm;

б)35cm;

в) 32cm.

**73. Под која големина не смее да се лови КЛЕНОТ (утманот, бушар)?**

а) 20cm;

б)30cm;

в) 18cm.

**74. Под која големина не смее да селови СКОБУСТОТ (бојникот, подустот)?**

а) 20cm;

б)30cm;

в) 25cm.

**75.Под која големина не смее да се лови ЦРНАТА МРЕНА во езерата и акумулациите?**

а) 20cm;

б)15cm;

в) 10cm.

**76. Под која големина не смее да се лови ПИСАТА (платица)?**

а) 15 cm;

б)18 cm;

в) 20 cm.

**77. Под која големина не смее да се лови ЦРВЕНОПЕРКАТА ?**

а) 17cm;

б)25 cm;

в) 20cm.

**78.Под која големина не смее да се лови ПОПАДИКАТА (еѓупката) ?**

а)20cm;

б)15 cm;

в) 22cm.

**79.Под која големина не смее да се лови ЗЛАТНИОТ КАРАС ?**

а)20cm;

б)15 cm;

в) 30cm.

**80.Под која големина не смее да се лови ЛИЊАКОТ (линишот) ?**

а)20cm;

б)15 cm;

в) 25cm.

**81.Под која големина не смее да се лови КОСТЕШОТ?**

а)18cm;

б)30cm;

в) 25cm.

**82.Под која големина не смее да селови СМУЃОТ ?**

а)15cm;

б)30cm;

в) 35cm.

**83. Под која големина не смее да се лови СОМОТ?**

а) 50 cm;

б)40cm;

в) 70cm.

**84. Под која големина не смее да се лови ШТУКАТА?**

а) 50 cm;

б)40cm;

в) 70cm.

**85.Под која големина не смее да се лови ЈАГУЛАТА?**

а) 60 cm;

б)70cm;

в) 40cm.

**86. Каде е утврден минималниот број на рибочувари кои вршат физичка заштита на одделна риболовна или рекреативна зона (ревир)?**

а) во риболовната основа за управување и користење на рибите и другите водни организми;

б) го одредува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

в) со планот за работа на рибочуварската служба.

**87.Легитимацијата за рибочувар ја издава:**

а) корисникот на рибите и другите водни организми;

б) министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

в) државниот инспекторат за земјоделство.

**88. Порибувањето на риболовните води се врши со порибителен материјал кој потекнува од:**

а) регистрирани мрестилишта за производство на порибителен материјал од диви автохтони видови риби и други водни организми;

б) нерегистрирани мрестилишта за одгледување на порибителен материјал;

в) регистрирани и нерегистрирани мрестилишта за одгледување на порибителен материјал.

**89. Виножитната пастрмка во услови кои владеат на нашите риболовни води:**

а) Се размножува природно;

б) Се размножува природно во бари;

в) Не се размножува природно.

**90. Порибувањето на риболовните води со недомородни и инвазивни видови риби:**

а) е забрането и казниво со закон;

б) треба да го изведуваат сите рекреативни риболовци, со цел збогатување на риболовните води;

в) треба да се изведува секоја година.